# Современ јапонски филм 2019 / Contemporary Japanese Film 2019




もういちど
Mô ichido
His master's voice
Гласот на учителот

**„Гласот на учителот“**

Игран филм | Јапонија, 2014 | 95'

Режија: Хиројуки Итаја
Сценарио: Хиројуки Итаја
Улоги: Најута Фукузаки, Гори, Тајхеи Хајашија

Топла драма осмислена од ракуго-изведувачот на Тајхеи Хајашија. „Ракуго“ е раскажувач на приказни – своевидна јапонска монодрама –и тој глуми неколку ликови менувајќи го гласот. Ракуго-изведувачот секогаш седи и го ткае наративот за највисоките и најниските вредности на обичните луѓе. Ветеранот во продукцијата на музички видеоспотови Хиројуки со овој филм го реализира своето играно режисерско деби, за кое, исто така, го напишал и сценариото и го монтирал филмот. Дизајнерката на продукција со интернационална успешна кариера – Танеда Јохеи – е потпишана под сценографијата на филмот.

Приказната се случува во доцниот 19 век. Ученикот по ракуго-перформанс Тајхеи (Хајашија) се откажува од надежта дека ќе го положи испитот, а очајот го наведува да замине во округот Фукагава во Токио, каде што изнајмува куќичка. Таму се среќава со емотивно повлечено момче по име Садакичи (Најута Фукузаки) и, како што одредува судбината, започнува да го поучува ракуго…

Трејлер

**His master's voice**

Feature | Japan, 2014 | 95'

Director: Hiroyuki Itaya
Scenario: Hiroyuki Itaya
Cast: Nayuta Fukuzaki, Gori, Taihei Hayashiya

A heartwarming drama devised by rakugo performer Hayashia Taihei. It presents an affectionate depiction of the highs and lows of ordinary people, and weaves a traditional rakugo story into its narrative. Music video veteran Itaya Hiroyuki makes his feature directorial debut, which he also wrote and edited. Internationally active production designer Taneda Yohei handles its art direction. In the late 19th century, rakugo student Taihei (Hayashiya) gives up hope of making the grade, and his despair leads him to take up residence at a rowhouse in Tokyo's Fukagawa district. There he meets an emotionally distant boy named Sadakichi (Fukuzaki Nayuta), and as fate would have it, he ends up teaching him rakugo.

Trailer




おしん
Oshin
Ошин

**„Ошин“**

Игран филм | Јапонија, 2013 | 109’

Режија: Шин Тогаши
Сценарио: Шин Тогаши, Кота Јамада Улоги: Коконе Хамада, Аја Уето, Инагаки Горо, Кајоко Кишимито

„Ошин“ е филмска адаптација на популарниот телевизиски серијал во Јапонија кој се здоби со светска популарност во осумдесеттите години од минатиот век.

Дејствието се случува во периодот Меиџи, на почетокот на дваесеттиот век. Седумгодишното девојче Ошин (Хамада Коконе) е испратено да работи во туѓо семејство поради лошата финансиска состојба на нејзините родители, сиромашни селани. Нејзиниот татко Сакузо (Инагаки Горо) и мајката Фуџи (Уето Аја) ја испраќаат со солзи, а таа тргнува со сплав по снежната река Могами…

Телевизискиот серијал е сниман според дневниците напишани од вистинската (веќе возрасна) Ошин, а дејствието на филмот се однесува и се задржува на нејзиното детство. Дел од актерите од серијалот играат и во филмот…

Ошин во 2013 година беше победник во неколку категории на *Детскиот интернационален филмски фестивал во Исфахан*, Иран, и во Кина, а беше прогласуван и за најдобар детски филм во Азија истата година…

Трејлер

**Oshin**

Feature | Japan, 2013 | 109’

Director: Shin Togashi
Scenario: Shin Togashi, Kota Yamada
Cast: Kokone Hamada, Aya Ueto,Inagaki Goro,Kayoko Kishimoto

Feature film adaptation of the NHK television series that gained worldwide popularity in the 1980s. Depicts the verve of a girl in the Meiji period who is apprenticed at the age of seven, focusing on episodes from her childhood, based on a woman's diaries. Cast members from the TV series appear in different roles. Meiji period, year 40 (1907). Oshin (Hamada Kokone), daughter of an impoverished peasant in Yamagata Prefecture, is sent to work as an apprentice at a lumber shop to reduce the number of mouths to feed at home. Her father Sakuzo (Inagaki Goro) and mother Fuji (Ueto Aya) send her off with tears, and she heads down the snowy Mogami River on a raft.

Trailer




## ルドルフとイッパイアッテナ
## Rudolf to Ippai-attena
## Rudolf the Black Cat
## „Рудолф црниот мачор“

**„Рудолф црниот мачор“**

Анимиран филм | Јапонија, 2016 | 89’

Режија: Мотонори Сакакибара, Кунихико Јујама
Сценарио: Хироши Саито, Ханмо Сугиура
Гласови на улогите: Мао Иноуе, Рјохеи Сузуки, Акио Оцука

Рудолф е мал црн мачор од градот Гифу (центар на Јапонија), кој за прв пат го напушта домот, придружувајќи ја својата сопственичка, девојчето Рие, кое патува во посета кај нејзината баба. Низата несреќни настани предизвикуваат Рудолф да добие удар и да биде во несвест во приколката на товарниот камион. Кога Рудолф подоцна ќе се разбуди на чудно место, случајно се среќава со Готалот, големата мачка од која се плашат сите во градот. Дознавајќи дека е во Токио, на другата страна на Јапонија, Рудолф е принуден да се адаптира на својата нова ситуација со Готалот и другите нови пријатели, како што се нервозната мачка Бучи и шармантниот мачор Миша. Но Готалот, кога на ТВ открива од каде е Рудолф, тајно му помага да се врати кај Рие, а во меѓувреме, Рудолф го открива минатото на Готалот и неговиот однос со лошото куче наречено Ѓавол…

Трејлер

**Rudolf the Black Cat**

Animation | Japan, 2016 | 89’

Director: Motonori Sakakibara, Kunihiko Yuyama
Scenario: Hiroshi Saitô, Hanmo Sugiura
Voices: Mao Inoue, Ryôhei Suzuki, Akio Ôtsuka

"Rudolf and Ippai-attena," a masterpiece of children's literature, is now a 3D computer graphics animation movie. A tale of cats, their friendship, adventures, encounters and farewells.
Rudolf (voice: Inoue Mao), a black cat, is suddenly separated from his beloved master. He unexpectedly wakes up in a longdistance truck that takes him to metropolitan Tokyo. There, he meets Ippai-attena (voice: Suzuki Ryohei), a big boss cat feared by everyone in town. Unable to return home, Rudolf starts a life as a stray with Ippai-attena.

Trailer




**猫侍**

**Nekosamurai**

**Samurai Cat**

**Самурај Мачка**

**„Самурај мачка”**

Игран филм, Јапонија 2014 | 100’

Режија: Такеши Ватанабе, Јошитака Јамагучи
Сценарио: Јуџи Нагамори, Хисакацу Куроки
Улоги: Казуки Китамура, Јосуке Асари, Јорико Догучи

Самурајот Кјутаро Мадарам некогаш бил суров убиец, но сега живее во сиромаштија. По подолго време, тој прима наpачка за убиство. Сепак, излегува дека целта на атентатот е малку необична и го омекнува суровиот самурај: Мадарам е ангажиран од банда – љубители на кучиња – да ја убие симпатичната бела мачка, саканото милениче на ривалската банда. Меѓутоа, откако ќе го крене мечот на мачката, самурајот не може да ја оправда постапката пред себеси, и мачката ќе го стопи неговото срце…

Трејлер

**Samurai Cat**

Feature | Japan, 2014 | 100’

Director: Takeshi Watanabe, Yoshitaka Yamaguchi
Scenario: Yûji Nagamori, Hisakatsu Kuroki
Voices: Kazuki Kitamura, Yôsuke Asari, Yoriko Dôguchi

Tenth installation in the animal drama series known for **Neko-Taxi** and **Mameshiba**. Humorous depiction of a masterless samurai at the end of the Edo Period whose heart is melted by an adorable white cat. The TV drama version was broadcast first in 2013, and the film keeps director Yamaguchi Yoshitaka and lead actor Kitamura Kazuki from the TV production.
Expert swordsman Madarame Kyutaro (Kitamura) was once a feared killer, but now lives in poverty. One day, he receives his first assassination request in quite a while. However, the target for the assassination turns out to be a cat said to have turned its master into a spineless jellyfish…

Trailer